ОДЛУКА
За давање Согласност на Програма за јавна чистота на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница за 2015 година

Член 1

Се дава Согласност на Програмата за јавна чистота на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2015 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 07-909
16.12.2014 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател
Дипл.инж.техн.Благица Андонова с.р
198

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Статутарна Одлука за измена на Статутот на Општина Виница

1.Се објавува Статутарната Одлука за измена на Статутот на Општина Виница, донесена на 21-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.12.2014 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 08-910/2
16.12.2014 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк.Емил Дончев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“), член 134 и член 135 од Статутот на Општина Виница („Сл.гласник на Општина Виница број 8/2010“), а во врска со Националната стратегија за млади на Република Македонија, Советот на општина Виница на 21-та седница одржана на ден 16.12.2014 година, донесе:

СТАТУТАРНА ОДЛУКА
За измена на Статутот на Општина Виница

Член 1

Во Статутот на Општина Виница Глава III - ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА, по член 51 се додаваат нови членови кои гласат:

Член 51-а

ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Во Општината се формира Локален младински Совет како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.
Млади се жители на Општината на возраст од 15- до 30 години живот.
Младите од став 1 на оваа Одлука можат да бидат избирани за претседател и заменик претседател на Локалниот младински Совет, само ако се со место на живеење во општина Виница.

Член 51-б

Одлуката за основање на Локален младински Совет ја донесува Советот на општина Виница врз основа на позитивните законски прописи.

Член 51-в

Локалниот младински Совет во општината ги врши следните работи:
- расправа на седници на Локалниот младински Совет за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општина Виница, а се од интерес за работата на младите;
- соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општината;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Локалниот младински Совет;
- по потреба повикува претставник на Советот на општина Виница на своите седници;
- врши и други работи од интерес за младите.

Член 51-г

Локалниот младински Совет има 5 членови.

Советот на Општина Виница покренува постапка за избор на членови во Локалниот младински Совет со јавен повик.

Кандидатите за членови на Локалниот младински Совет ги предлагаат: Невладини организации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Виница го избира и го разрешува Локалниот младински Совет.

Локалниот младински Совет од своите редови избира претседател и заменик, согласно Деловникот за работа на Локалниот младински Совет.

Член 51-д

Членовите на Локалниот младински Совет се избираат на две години.

Советот на општина Виница може да разреши член на Локалниот младински Совет и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Локалниот младински Совет и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

Член 51-ѓ

Локалниот младински Совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Локалниот младински Совет.

Претседателот на Локалниот младински Совет е должен да свика вонредна седница на Локалниот младински Совет на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Локалниот младински Совет.

Локалниот младински Совет ги донесува одлуките од мнозинството гласови ако на седницата присиствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на Локалниот младински Совет.

Начинот на работа на Локалниот младински Совет поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Локалниот младински Совет.

Локалниот младински Совет може да формира постојани и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

Член 51-е

Локалниот младински Совет донесува Програма за работа на Локалниот младински Совет и ја доставува до Советот на општина Виница за секоја календарска година за одобрување.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите;
- соработка со другите советодавни тела во Република Македонија;
- консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите;

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Локалниот младински Совет и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа на Локалниот младински Совет се донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Локалниот младински Совет.

Член 2

Оваа Статутарна Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница".

Број 07-910
16.12.2014 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател
Дипл.инж.техн.Благица Андонова с.р

199

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02") и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010"), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за основање на Локален младински Совет

1.Се објавува Одлуката за основање на Локален младински Совет, донесена на 21-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 16.12.2014 година.